**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, зжс***
***и комунални дејности***
**Број 11-141/4 од 28.02.2025 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) , член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДБА – ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ, УЛИЦИ 3,4,5,И 6 ВО СЕЛО БЕЛЧЕ, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

Се одобрува Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктурна градба-изградба на сообраќајни површини улици бр.3,4,5,и 6 во село Белче, Општина Демир Хисар.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Инвеститорот Општина Демир Хисар, со седиште на ул,,Битолска" број 8, Демир Хисар, преку овластениот полномошник Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, трговија и услуги ,,МАТРИКС" ДООЕЛ Прилеп, со седиште на ул.,,Кеј 9 ти Септември" број 2/27, Прилеп, поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-141/1 од 03.02.2025 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктурна градба-изградба на сообраќајни површини, улици бр.3,4,5,и 6 во село Белче, Општина Демир Хисар, изработена од ,,МАТРИКС" ДООЕЛ Прилеп, правно лице кое поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0109, издадена од Министерство за транспорт и врски на 09.10.2019 година , со важност до 09.10.2026 година.

Со барањето ја приложи следната документација:

- **Барање за одобрување** на Проектна програма со број од 27.01.2025 година
- **Предлог проектна програма** со техн.број У-0131-1/25 од јануари 2025 година
- **Услови за планирање на просторот** издадени од АПП со тех.бр. У41724 од ноември 2024 година

- **Решение за услови за планирање на просторот** со Арх.бр. УП1 -15 2126/2024 од 11.12.2024 година издадено од МЖСПП-Сектор за просторно планирање
- **Полномошно** од инвеститор со бр.08-221/1 од 19.02.2025год.

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1492/1 од 12.12.2022 год., по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектна програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) за што согласно член 38 став 8 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Предлог за одобрување на Проектна програма.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

*Изработил*: Клара Тодоровска, диа

Klara Todorovska Digitally signed by Klara Todorovska Date: 2025.02.28 10:40:45 +01'00'

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**

**Никола Најдовски**